

**Заедничките цели и единството придонесоа за денешниот статус на Витаминка**

Обраќање на
Марјан Танески
Шеф на производство

**Спонзорства**

Marketing Kingdom Скопје
Серија „Преспав"
Златно славејче

Бр. 11 Декември 2016 www.vitaminka.com.mk

# ИНФОРМАТОР







**ВИТАМИНКА АД Прилеп**
Леце Котески 23, 7500 Прилеп,
048 407 407, 048 407 434
contact@vitaminka.com.mk
www.vitaminka.com.mk

# СОДРЖИНА










стр.3

**Заедничките цели и единството придонесоа за денешниот статус на Витаминка**
Обраќање на Марјан Танески, Шеф на производство

стр.6 и 7

**Доделени наградите на многу среќни стобирачи**
На најголемата наградна игра Стобиранка

стр.10

**На светските саеми се претставуваме во најдобро светло**
Интерфуд 2016 и СИАЛ Париз 2016

стр.11

**Колкаво и што е значењето на Стоби Флипс за Витаминка?**

стр.15

**Платинум спонзор на MKS**

**Витаминка во пансионот Преспав**
Спонзорства

стр.17

**Учениците од основните училишта сè почесто наши гости**
Настани

стр.18

**Мафини со Чоко Стоби флипс**
Рецепти

Обраќање на Марјан Танески
Шеф на производство

# Заедничките цели и единството придонесоа за денешниот статус на Витаминка



Марјан Танески
Шеф на производство

Почитувани колеги,

Само што не сме се збогувале со оваа година и веќе се наоѓаме на прагот од следната, а во една ваква фаза потребен е момент на рекапитулација, момент на преиспитување и на евалуирање на сето она што го оставаме зад себе. На тој начин, во следната календарска година влегуваме со чиста визија и јасни цели што треба да направиме и во кој правец да се движиме. Со влегувањето во новата година, пред нас се исправуваат нови предизвици кои треба и ќе ги совладаме.
А што направивме во 2016 година, што постигнавме и каде ја доведовме Витаминка?
Зад нас оставаме година која што ја носи тежината на сите изминати од самото основање на Витаминка. Многу е зборувано и уште повеќе е кажано за значењето на 60-годишниот јубилеј и затоа тука јас ќе кажам, бројката 60 години значи сè и кажува сè што е постигнато и направено. На нас останува да ги зачуваме вредностите што довеле до овде. А тоа го постигнуваме со постојано унапредување на работата, со континуирано зголемување на постигнатите успеси и поместување на сопствените граници.
Значајно за целиот колектив и сите вработени на Витаминка е тоа што не застанавме тука, продоживме и уште работиме на тоа да го потврдиме статусот што го имаме. Секоја работна единица и сите вработени, придонесуваме за она што го имаме денес. Сепак, навлегувајќи во суштината на Витаминка, Секторот за производство е можеби срцето на компанијата. Тука се создава сето она што излегува од компанијата и што нè прави големи, што нè прави присутни во секој дом во Македонија и на уште многу пазари низ светот. Сите оние производи што придонесуваат Витаминка да биде дел од семејната приказна, да биде блиска со повеќе генерации, да расте заедно со секоја новосоздадена приказна, гледаме како се создаваат. Да се работи во Производство значи да се гледа како секој ден се создаваат производите кои што многу луѓе прават среќни и задоволни.
Но, иако Секторот за производство е срцето на Витаминка, сите останати сектори се подеднакво суштински и важни во комплетирање на мисијата што ја имаме и исполнување на нашата обврска кон потрошувачите.
И тука, повторно ќе се навратиме на потсетување на изминатата година, само за да се поттикнеме што треба да направиме во следната.
Почитувани колеги, покрај сето она што нашата компанија го претставува, треба да знаеме дека заедничките цели и единството што го имаме играат значајна улога и во голема мера придонесуваат за денешниот статус на Витаминка. Затоа, и понатаму да останеме достојни на индивидуалните обврски и одговорни кон другите колеги.
Верувам дека само така ќе растеме повеќе и постигнуваме уште поголеми резултати.

Со почит,
Марјан Танески
Шеф на производство

## Интервју со Михајло Наумоски
### поранешен Управник на УРЕ Одржување и енергетика, советник на Претседател на ОД за технички прашања

# Витаминка е предизвик за сите профили од инженерството да научат и да се усовршат



**Колку години работевте во Витаминка, како, каде започнавте и кој Ви беше првиот впечаток кога влеговте во Витаминка?**

Во Витаминка сум вработен од 1978 година, а со редовниот работен ангажман прекинав во 2012 година кога заминав во пензија. Но, така лесно не се откажува човек од она што му било преокупација цели 34 години. Така што и понатаму продолжив да работам со договор на дело до 2016 година за довршување на започнатите проекти и постепено предавање на работата на помладите колеги. Моментално сум ангажиран и како советник на претседателот на ОД за технички консултации, по негово барање.
По професија сум електроинженер, а работната единица каде што на сам почеток почнав да работам се викаше Одржување на опрема. Првото работно место ми беше шеф на одржување на опрема за производство. Кога влегував во Витаминка бев прилично возбуден. Иако верував во моите стручни и човечки квалитети, сепак имаше мала доза на несигурност и страв во однос на тоа дали можам целосно да одговорам на новите предизвици. Но, Витаминка беше премногу добра причина за да не ја пропуштам таквата понуда и да ја совладам несигурноста. Генералниот директор многу добро го познавав, роден брат, а и заедно работевме во фабриката Партизан. Ги познавав неговите строги и одговорни критериуми за работа кои ми даваа голема сигурност за идното напредување на Витаминка во сите области. Знаев за неговите размислувања и визии за изгледот на Витаминка по пет, десет, петнаесет, дваесет години и бев убеден во тоа дека така и ќе биде. Тоа беше доволна причина со задоволство да прифатам и да бидам дел од таа успешна приказна, да помогнам најмногу во областа каде сум се едуцирал. Сметам дека тоа беше време на обврски и задоволство, тоа беше време на еден млад, стручен и надежен состав на Витаминка предводен од Симон Наумоски кој сигурно чекореше кон успех. Како такви бевме доживувани во градот и во Републиката, а тоа го потврдуваше и движењето на Витаминка од година во година, напред.
Во тоа време, Витаминка ја имаше новата опрема за производство на Флипс, што беше најсовремена и една од ретките автоматизирани линии во градов. Тука најдов поле на докажување и учење. Се сеќавам, кога дојдов да работам во Витаминка, веќе одлично функционираа работните единици Зачини, Дафинка, Флипс, како и единицата за производство на Црвен мелен пипер.

**Со која случка или ситуација е поврзана Вашата прва работна обврска?**

Кога почнав да работам во Витаминка имаше околу 90-на луѓе кои претежно работеа во производство на црвен мелен пипер. Моето влегување во Витаминка се совпадна со годишната кампања за сушење на црвената пиперка, односно работата на сушарите што значеше дека уште од почеток требаше да се работи 24 саати на ден, во текот на целиот период на кампањата. Немаше прекин во работата, затоа што не смееше да се дозволи голем број на изгубени работни саати. Изгубеното време во такви кампањи не може да се надополни. Значи, првиот впечаток е дека наидов на напорна и одговорна работа, но кога условите тоа го бараат нема друг избор освен со мојата работа да бидам дел од оние кои успешно ги извршуваат задачите. Така, првите случувања беа поврзани со работата на сушарите, а најмногу со работата на горилниците. Тие како гориво користеа мазут, а тоа е најтешко средство за работа, така да првото искуство и случување ми беа запаметени со борбата со нив. Од тие напорни денови најголем впечаток оставаше и соработката со одржувачите бидејќи тогаш истовремено и се воспоставуваше нашето заедничко работење и соработување. Одлично се надополнувавме и сметам дека до крај на активната работа со нив имам коректен однос.

**Откако ги започнавте пензионерските денови, дали сè уште нешто Ве поврзува со компанијата, дали Ви недостига?**

Да, ми недостига многу. Не само Витаминка како работна организација, но и сите оние кои беа дел од неа во изминатите години. Најмногу соработниците, членовите на стручниот колегиум и директно вработените во РЕ Одржување. Сакам да ги споменам лицата со кои најмногу сум соработувал во УРЕ Одржување, оние кои физички не се присутни меѓу нас, како, Чошко, Дуде, Спасе... пензионерите Иле, Коце, Таце, Штеф... и генерацијата која што е пред пензија како Драган, Бранко, Алекса, Шицер... Исто така, ми недостасува и редовната работа, одржување на машини. Како професија, иако е многу мачна, напорна и одговорна, едновремено е прилично креативна и знае да пружи несекојдневно задоволство. Нема поголема вредност од успешно отстранет технички проблем каде во почетокот се има нула идеја како да се справиме со настанатиот дефект, но потоа како еурека светнува решението, се решава проблемот и наидува задоволство.
И денес, скоро секој ден сум присутен и ја следам работата на Витаминка од мој аспект, особено работата на УРЕ Одржување и енергетика. Гледам како моите наследници ја продолжуваат работата, ги читам извештаите, а и тие се консултираат со мене. Иако немаат обврска да ги прифатат моите забелешки, сепак ги примаат со почит.
Сакам да нагласам дека во одредени ситуации иако се обидувам да не реагирам на начинот на кој работат, но некогаш тоа е посилно од мене и реагирам, па се надевам дека нема да ми забележат на ова.

**Како се одвиваше Вашиот професионален развој во компанијата, во кои сектори бевте ангажиран и како напредувавте?**

Почетното работно место ми беше шеф на РЕ Одржување, потоа станав управник на УРЕ Одржување и енергетика во 1993 година. Се до пензионирањето во описот на работното



место стоеше дека сум учесник во развојниот сектор во областа на електротехниката и енергетиката и учествував во многу развојни проекти. Услужната работна единица цело време ги опслужуваше сите производни и непроизводни единици и кон сите бевме целосно одговорни во реализирањето на работата, иако приоритет секогаш биле производството и енергетиката.

**Дали имате некој посебен момент, случка, што станал драг спомен?**

Има многу драги спомени, но не знам дали би издвоил некој. Сите успешно отстранети проблеми на производната опрема секогаш биле проследени со задоволство и драги спомени кои се прераскажуваат кога ќе се сретнеме со колегите. Така на пример „борбите“ со проблемите со сушењето на пиперка-Сушарите, пакериците во флипсот, пудинзите, мулдирањето на чоколада и слично, се дел од тие посебни моменти. Реков, сите тие беа напорни, но посебно драго. Колку понапорни, толку помили.

**Што беше Вашиот најголем предизвик во текот на професионалната кариера?**

Автоматизацијата на производните единици, заштедата на секаков вид енергија и можеби е чудно но како да се справам со притисокот дека тогашниот генерален директор, а сега Претседател на Одбор на директори на „Витаминка“ ми е брат. Не смеев да си дозволам никаков минус. Кога зборувам за автоматизацијата, зборувам за имплементирање на многу технички новини кои секојдневно излегуваа во таа област. Да ги споменам само внесувањето на инвертори, ПЛЦ, ХМИ, поврзување на системи, мониторинг на системи итн. Да објаснам, во почетокот на моето вработување производната опрема не беше доволно автоматизирана, особено врските помеѓу одредени машини поврзани за исто производство, што даваше простор за внесување на одредена автоматизација. На таквите места, со внесовање на автоматизација се овозможи полесно работење, а се зголеми и продуктивноста и квалитетот на одредениот производ. Како пример, би ги навел инстантизерот за производство на Цевитана, производството на Кечап и производството на Чоколадирани производи. Овие производни единици и сега се со истите решенија од тоа време и продолжуваат со работа. Влогот во заштедата на било кој вид на енергија е во замената на кластичниот котел за производство на пареа со котли за брзо производство на пареа, замената на греењето од парен систем и термоакумулациони печки со геотермална пумпа, мониторинг на сите електрични величини, на напојните електрични места (изводи), мониторинг и мерење на многу физички големини (проток, притисок, влага) и друго.

**Што претставува Витаминка за Вас денес?**

Витаминка е современа прехранбена индустрија, работна организација која ги има имплементирано сите технолошко - технички и организациски стандарди, важечки во целиот свет. Витаминка за мене е поим за квалитет, гигант кој е со комплетно заокружени технолошки процеси со висока технологија и автоматизација на производната опрема. Таа е предизвик за сите профили од инженерство да работат во неа. Витаминка може на секој од нив да му помогне во неговотоо усовршување. Оние кои ја имаат таа можност да работат во оваа компанија, можат да станат врвни технолози, машинци, електроинженери и програмери. Ова е компанија каде многу малку се употребува чекан, а многу повеќе ум и знаење. Тука инженерството доаѓа до израз. На интервенција денеска се оди со лаптоп, а не со пробни ламби. Витаминка е организација со висок степен на енергетска ефикасност. Мислам дека имаме најмала вредност на цената на електричната енергија по единица производ. Ние сме една од ретките компании каде има збир на одговорни луѓе, професионалци од највисоко до најниско ниво во организационата шема. Витаминка е бренд, но и гаранција кај многу потрошувачи кога се одлучуваат за купување на нашите производи. За Витаминка верувам дека ќе се зборува и по 2216-та година. Ова го велам не без основа, но со чувство, интуиција и желба затоа што ги гледам работата и размислувањата на новото раководство на чело со Генералниот директор. Тоа има современи, трендовски погледи и во организацијата и во производството и во комерцијата.

Лично, на Витаминка и сум премногу благодарен затоа што ми овозможи да станам тоа што сум, да го работам тоа што најмногу го сакав, да стекнам многу пријатели во Прилеп, Република Македонија, во бившите простори на некогашна Југославија и пошироко. За тоа колку јас и возвратив и ѝ се оддолжив ќе зборуваат другите со кои сум работел и соработувал.

### На најголемата наградна игра Стобиранка

# Доделени наградите на многу среќни стобирачи










Првото и второто извлекување од наградната игра Стобиранка завршија, а вкупно 354 добитници среќни, задоволни и со насмевка ги примија своите награди. Посветени учесници, и уште поголеми уживатели во Стоби Флипс, Чоко Стоби или Стоби Стикс, испраќаа пликоа и се натпреваруваа за некоја од бројните награди. Добитници има од цела Македонија и сите среќни и задоволни и понатаму ќе уживаат во производите на Витаминка.

Во досегашните два циклуси на извлекување еден од најсреќните беше добитникот на автомобил Toyota Yaris, Џетан Цапа од Дебар од првото извлекување, кој стобирал со 4 пликови. „Ова е најубава награда досега во мојот живот. Само треба да мислиш позитивно и да чекаш се да излезе во ред. Ако си фер секогаш можеш да победиш", изјави Џетан Цапа, добитник на автомобил Toyota Yaris.
На втората Стобиранка, најсреќна беше Викторија Илиеска, добитник на истиот автомобил, додека пак, скутерите во двете Стобиранки отидоа кај Биљана Павловска од Скопје и кај Марија Стамболиќ, исто така од Скопје.

„Феноменално, навистина јас сум многу благодарна. Ова е многу среќен ден за мене. Јас првпат добивам вака нешто големо и ова е прва награда, воопшто во мојот живот", рече Биљана при подигнувањето на наградата. Таа стобирала со 13 пликови.

Едно од најсреќните и најпосветени учесници во оваа наградна игра е семејството Талески. Тие добија многу награди, но исто така изедоа и многу Стоби Флипс, стобирале со 640 пликови.
„Се надевавме на нешто, но не на толку многу награди. Ние сме многу благодарни. Продолжуваме со играта, ќе учествуваме во следните извлекувања, така што може повторно среќата да ни се насмевне. Често учествуваме во наградни игри, но ваква среќа досега не сме имале. Среќата ако ја имаш ќе добиеш и со малку пликови, не значи дека треба многу да испратиш за да добиеш награда", изјави семејството Талески, добитници на телевизор, Lenovo Yoga таблети, смартфон, како и неколку други награди во првото и потоа во второто извлекување.

Трајче Ристов од Кавадарци ќе ужива возејќи се на ховерборд, тој стобирал со 3 пликови: „Јас ги пакував, дедо ги испрати. Гледачите да играат уште понатаму додека не добијат награда", рече возбудено Трајче, радувајќи се на наградата.
Со испратени 5 пликови, Јовица Ацковски од Скопје беше извлечен и награден со Lenovo Yoga таблет: „Ова ни е прва награда, на овој начин, на ваква игра, така да на следните собирачи им посакувам многу среќа и да бидат среќни како што бевме ние овој пат", изјави Јовица при подигањето на наградата.

СТОБИРАНКАТА продолжува.
Сите неизвлечени пликови од првото и второто извлекување учествуваат и во третото извлекување на 25.12.2016 година кога главната награда е најновиот модел на Toyota C-HR Hybrid. Среќниот добитник ќе биде првиот сопственик на овој автомобил во Македонија.











## Професии во Витаминка - мерчендајзер

# Наша обврска е грижа за производите на Витаминка

Многу сектори и работни единици интегрирано функционираат во компанијата. Секој професионален профил е значаен и суштински во подобрување на целосните резултати. Мерчендајзер или унапредувач на продажба е една од поновите професии кои што, во денешно време и отворени пазари се наметна како неопходна и суштински важна. Ова се нашите мерчендајзери и ова е нивната професија, видена од личен, професионален и академски аспект. Во нивните изјави за секојдневните обврски е содржана вистината за обврската и предизвиците со кои се соочуваат.



**Александра Дамческа**
**Терен Прилеп**

Мојата одговорност не е индивидуална, туку координирана активност на повеќе сектори: продажба, дистрибуција и маркетинг. Како мерчендајзер работам од 2012 година на реон Прилеп. За оваа професија можам да кажам дека е исклучително динамична форма на маркетинг што го создава импулсот за купување и кој што влијае на изборот на производот. Исто така, подразбира земање предвид на сите активности во и надвор од продажниот објект со цел да се зголеми продажбата и профитабилноста. Тоа вклучува градење на силен однос со трговците за да се убедат да ги прифатат и позиционираат нашите производи на што повидно место во маркетот, со што на тој начин се делува врз импулсивното донесување одлука од страна на купувачите. Бројните придобивки почнуваат со позиционирањето на производот во најфреквентниот дел од продажниот објект, бројот на полици, неговата видливост, рекламен материјал и нивниот контакт со потрошувачите. Нашата компанија има одлични производи со врвен квалитет и ние секојдневно се натпреваруваме со производи кои ценовно и со квалитет не се соодветна конкуренција на нашите производи, но сепак ги има на пазарот.



**Теодора Христовска**
**Терен Битола**

Витаминка во моментов е можеби и најголемиот македонски бренд, така што за мене лично претставува огромна чест и привилегија што сум дел од овој тим. Како вработена на позиција мерчендајзер, основата на мојата работа, како и впрочем на сите мерчендајзери, е визуелната комуникација со купувачите, односно позиционирање на нашите производи во маркетите по рафтовите и гондолите на што е можно подобри и повидливи позиции, на таков начин што ќе ја унапреди продажбата на одреден производ и ќе ги мотивира купувачите да го одберат нашиот производ во однос на конкуренцијата.
Самата работа е многу динамична, бара постојано движење, иновативност, секојдневни контакти со многу луѓе, што за мене лично претставува голем плус, бидејќи таквиот начин на работа во целост ме исполнува и кореспондира со мојот темперамент.



**Петар Шапе**
**Терен Скопје**

Мерчендајзинг службата ја сметам како неопходна алка во процесот на функционирањето на Витаминка. Унапредувачите на пазарот или познати како „мерчендајзери" се „очите" на Витаминка кои одржуваат континуирана комуникација на крајните потрошувачи со нашите производи. Покрај основните обврски, ги следиме сите активности на конкуренцијата, се со цел да бидеме чекор пред нив. Задоволство е да се работи во компанија како Витаминка. Навистина е голема и неопходна поддршката која што секојдневно ја добиваме од дирекцијата во Прилеп, ни помага и ни овозможува експедитивност во извршувањето на нашите работни обврски. Секако, почитувањето на работничките права се на завидно ниво. Во периодот што следи во пресрет на Новогодишните празници се очекува зголемен обем на работа, но заедно со целиот колектив на теренот Скопје сме подготвени да одговориме на секој предизвик.



**Ана Султовска**
**Терен Скопје**

Вработувањето во Витаминка во 2013 година е моето прво работно искуство. Како мерчендајзер мојата работа се состои во позиционирање на нашите производи во продажните објекти, редовна контрола на роковите на истите и активно следење на активностите на конкуренцијата. Токму заради дадената можност да работам една динамична и воедно одговорна работа, Витаминка ја доживувам како мое семејство и горда сум што сум дел од овој успешен и беспрекорен тим.

На позицијата мерчендајзер во Витаминка сум од 2013 година и како унапредувач на продажба, задолженијата ми се грижа за правилно изложување и позиционирање на производите, но исто така следење и на конкуренцијата и известување за нивните активности. Сепак, според досега стекнатото искуство, можам да кажам дека оваа работна позиција бара многу повеќе од само посета на продажните места и распоредување на производите. Личниот однос кон професијата ме увери дека колку со поголема посветеност ја извршувате својата работа, толку повеќе ви се отвораат можности за надградување, учење и проширување на знаењата. Иако моето искуство е само во оваа професија, верувам дека со секоја работна позиција е истото, само потребно е компанијата да ја даде таа можност, а ние во Витаминка ја добиваме секојдневно.



**Виолета Владимировска**
**Терен Скопје**



**Душица Ристовска**
**Терен Скопје**

Веќе шест години секојдневно влегувам во маркетите и продажните места и се грижам за подобра изложеност на нашите производи. Проверувам дали рокот е во ред, дали секој од производите онака како што е подреден, поставен, изложен го пренесува сето она што го претставува Витаминка. Така, нашата работа не е само редење на производите, нашата работа носи многу поголема одговорност, преку навидувам подредување на производите, ние се грижиме да го истакнеме сето она што излегува од Витаминка, производите со одличен вкус и беспрекорен квалитет, производите што се присутни во животите на луѓето неколку генерации и производи што се дел од секојдневните приказни.

Во моето долгогодишно искуство како вработен на позиција унапредувач на продажба имав можност преку секојдневно извршување на работните обврски да ги надградувам индивидуалните капацитети на професионален план. Оваа работа подразбира позиционирање на широк спектар артикли од нашиот препознатлив и богат асортиман во задоволителни количини, на соодветно место и во вистинско време, а со тоа постојана застапеност на продажните места и достапност до купувачите и сите наши потрошувачи.
Секако, многу е важно да се зачува и моментот на импулсивна продажба, политиките на ниски цени, изборот на излогот, процентуалната застапеност, со цел подобра промоција на производот и зголемена потрошувачка и профитабилност понатаму.
Имајќи ја предвид конкуренцијата и свесноста дека секој се бори што подобро да го промовира својот производ, лично сметам дека ова подразбира не само одлично познавање на сопствениот квалитет и асортиман, туку и познавање на конкурентните политики на конкурентите компании со кои го делиме пазарот. Постојано ги следиме промените на пазарот, го нудиме секој производ во бараниот квалитет и квантитет, безбедуваме негова постојана застапеност во продажните места на пазарот, видно истакнати цени, промоции и презентации, а со тоа придонесуваме за зголемување на профитот, рентабилноста, препознатливоста на брендот согласно целите на нашата компанија.
Мерчендајзингот е всушност интересна и многу креативна професија.



**Марија Божиновска**
**Терен Охрид-Струга**



**Соња Ангелова**
**Терен Штип, Велес, Кочани**

Пред шест месеци задоволството беше мое што станав член од многубројното семејство на Витаминка. Работам како мерчендајзер, работа што во целост ме исполнува, динамична, со многу креативност и со многу контакти со луѓе од кои најважен е директниот контакт со потрошувачите. Голема среќа за мене е кога секојдневно го гледам задоволството на потрошувачите од производите на Витаминка, кога слушам само позитивни коментари за истите и горда сум кога ќе им кажам дека Витаминка е знак за квалитет и лидер во Македонија во производство на прехранбени продукти.
Со мојата професија придонесувам да се зголеми потрошувачката на производите на Витаминка, преку поставување добри позиции на рафтовите во маркетите и одлична комуникација со потрошувачите. Напредувајќи и лично, секогаш ќе се трудам да придонесам за раст и напредок на компанијата во целост.

### Интерфуд 2016 и СИАЛ Париз 2016

# На светските саеми се претставуваме во најдобро светло





СИАЛ 2016 - Париз, Франција





Интерфуд 2016 - Софија, Бугарија

Чоко Стоби флипс, Стоби Флипс, Атлантис, Деспина и останатите производи на Витаминка, беа претставени на саемот Интерфуд, во Софија, Бугарија. Витаминка на овој саем изложува традиционално. Изложувањето на Интерфуд 2016 е уште едно успешно претставување на целосниот асортиман на компанијата, пред странски потрошувачи и потенцијални партнери.

Интерфуд е најголемата манифестација за прехранбена индустрија во Бугарија и еден од најпрестижните настани во секторот од Југоисточна Европа.

„Овој саем е еден од позначајните во нашето окружување, а со самиот факт што производите на Витаминка се присутни и во соседна Бугарија, многу беше важно, не само да бидеме присутни на саемот, туку и добро да се претставиме. Имавме одлична промоција, голем број од посетителите реагираа уште на нашето лого и ги бараа нашите производи, што говори за тоа дека добро се запознаени со целиот наш асортиман, а исто така воспоставивме и многу нови контакти и релации", вели Љупчо Велески, директор на сектор Извоз за присуството на Интерфуд.

Нашите производите се најдоа во центарот на вниманието и на најголемиот светски саем за храна СИАЛ Париз 2016. И таму бевме присутни со голем број од своите производни програми, а преку непосредни контакти и дополнителни активности, побудивме интерес и кај посетителите и кај самите изложувачи.

„СИАЛ Париз е веројатно најголемиот и најпосетуван саем за храна и место за отворање на многу потенцијални пазари. Со 7000 изложувачи од 104 земји и уште илјадници посетители, бенефитите од тамошното присуство се бројни. Се создава визуелен идентитет на производи, го претставувате самиот производ и квалитетот и преку дополнителните активности што овие манифестации ги нудат, ја пренесувате и сопствената приказна", вели тимот на Витаминка што беше присутен на саемот. Тие се задоволни од претставувањето и реакциите на посетителите.

Присуството на саеми е клучниот чекор во развојната стратегија на Витаминка, која што е редовно застапена на саемските манифестации низ целиот свет. Токму ваквиот пристап, воспоставувајќи директен контакт со дистрибутери, ланци на маркети, но исто така и со самите потрошувачи, придонесе производите и брендовите на Витаминка да бидат присутни во над 30 земји во светот.

# Колкаво и што е значењето на Стоби Флипс за Витаминка?

Стоби Флипс денес претставува основен производ на Витаминка. Неговото производство започнува во далечната 1978 година. Произведен според специјална технологија која што е комплетно автоматизирана и без контакт на човечка рака, рецептурата на овој производ се базира врз суровините, гриз од царевка, печени мелени кикирики, растително масло, сол и мешавина од зачини.
Воедно, во неговиот состав нема транс масни киселини (коишто се опасни за срцето), нема хидрогенизирани растителни масти и глутен, а го нема и опасниот акриламид. Сето тоа го прави висококвалитетен и производ со единствен вкус.
Стоби Флипс е уникатно наш производ и според досегашните сознанија на просторот на бившите Југословенски републики не постои друг флипс со вакви врвни квалитетни особини како што ги има нашиот Стоби Флипс.
Веќе години наназад, продажбата на Стоби Флипс на македонскиот пазар континуирано расте и се зголемува. Неколку години последователно е прогласуван за бренд број 1, што нас во Витаминка не прави посебно горди.
Паралелно со растењето на популарноста на домашниот пазар, Стоби Флипс својата продажба ја зголемува и на странските пазари и тоа многу повеќе. Познатиот флипс од Витаминка ќе го најдете на пазарите на Балканот, во цела Европа, во САД, Канада, Флорида, Тунис, Јужно-Афричката унија, Австралија, Нов Зеланд и во други земји. Бројот на земји каде е присутен постојано се шири и од година во година расте, што е последица на неговиот екстремно висок и постојан квалитет.

Растечката популарност на нашиот Стоби Флипс, наметнува зголемување на неговото производство, предизвик на којшто Витаминка во целост може да одговори. Дневниот капацитет за производство на Стоби Флипс е околу 25 тони, што одговара на количина од скоро 8 шлепери или пак цирка 600.000 кеси Стоби Флипс од 40 грама, дневно. Тони, шлепери и кеси Стоби Флипс секојдневно се испорачуваат до купувачите низ целиот свет.



# ВРЕМЕ


Фабриката за шеќерлемер во Прилеп ќе отпочне со работа во јули оваа година

КРАТКИ ВЕ

1956


„ВИТАМИНКА“ ПРИЛЕП

ФАБРИКА ЗА ШЕЌЕР ЛИМЕР

1966


ЗА ИЗВОЗ ВО ЕУ

„Витаминка“ усвојува европски стандард за квалитет

2004


1965



1992



2002



2003

# ПЛОВ



1999




2014



2014



2015



2015



2015



2016



2016

Хоби на нашите вработени

# Живот исполнет со поезија



Секој човек, покрај својата професионална преокупација и интерес, во текот на својот живот развива и хоби. Нашата колешка, Снежана Паноска, своето секојдневие после работното време го посветува на создавање, на креирање и тоа на нешто најубаво, поезија.
Снежана е родена во Струмица 1955 година, а изборот на образованието ја доведе до професијата економист. Наша колешка и вработена во Витаминка е од 1985 година, а професијата не ја намали страста кон убавиот, пишан збор.
Љубовта кон пишаниот збор кај неа се развила уште во младоста. Иако нејзините книжевни дела долго време чекаа да ја видат светлината на денот, сепак овој тивок талент е откриен и наградуван.
Досега Снежана има издадено две стихозбирки поезија, „Песни од мојата душа“ и „Илјада ѕвезди“ за кои има добиено награди од Здружението Нова од Битола и прва награда од Здружението на Просветни работници на Република Македонија за збирката „Илјада ѕвезди“.
Во печат е и третата стихозбирка „Слики од животот“, а Снежана продолжува да создава и понатаму. Поезијата е нејзиното хоби, остварен сон за создавање нешто вредно и убаво. Во зборовите каде се преточени нејзините најинтимни чувства, сеќавања и размислувања, секој од нас може да се пронајде макар и во еден нејзин стих. Како наш долгогодишен вработен кој следната година ќе ги вкуси прекрасните пензионерски денови, се надеваме дека ќе продолжи да нè радува со својот убав пишан збор уште многу години.

## Не суди ми ....

Не суди ми според облеката
што ја имам,
според обувките што ги носам,
според насмевката лицето
што ми го краси,
ниту по солзите што во очите ги кријам,
ниту по тагите што не ги знаеш,
ниту по моите радости кои си ги немал,
не си ни судија, ни џелат,
та ти не си ми во душата,
ниту пак сопатник можеш да ми бидеш,
та кој си ти да ми судиш
и без вина да ме осудуваш,
сал празни зборови кажуваш,
без да ја знаеш
Вистината.

Не суди ми по песните,
Напишани или отпеани,
по брчките на моето лице,
по лузните во моето срце,
та ти не си го поминал
патот кој јас веќе го изодев,
не ги знаеш патеките,
ниту трњето што ме ранувале,
ниту камењата што ме повредувале,
та ти не си вреден за ниедна моја солза,
ниту за една мала насмевка,
а камо ли за нешто поголемо,
па кој си ти да ми судиш,
без вина да ме осудуваш,
сал празни зборови кажуваш,
без да ја знаеш
Вистината.

# Работник за месец ноември

Златко Рипилоски, припремач на чоколада во РЕ Чоколада и кремови е прогласен за работник на месецот. Рипилоски покажа иницијатива, посветеност, пожртвуваност и способност за брзо учење.
Во текот на месец ноември, еден од припремачите обучен за опремата за припрема на полнежи за чоколада и кремови на оваа линија, беше на боледување и во овој погон се јави недостаток од работник. Рипилоски самоиницијативно предложи да работи како замена за својот колега, а во исто време помагаше за припрема на чоколада и на новата припремна линија “Buhler”. Со ова Златко се покажа како вреден, способен и вешт работник што брзо учи и повеќе од сé, колегијален кон своите соработници.
Покрај веќе наведените квалификации, што го истакнуваат Рипилоски, овој работник уште е лојален, добро соработува со останатите колеги, грижлив и посветен на работата.
Честитки Златко!



**Најдобар работник на месецот**

Работник на месец ноември

Златко Рипилоски

На првиот Marketing Kingdom во Македонија

# Платинум спонзор на MKS




Витаминка беше платинум спонзор на најголемиот маркетинг настан во Македонија што се одржа на 30-ти септември годинава. Спонзорството и присуството на Витаминка на еден ваков настан е во согласност со нашите комуникациски стратегии и изградената репутација на компанија што применува современа, интерактивна комуникација.
Marketing Kingdom Skopje е првиот настан кај нас, кој вклучи интерактивни презентации од светските експерти за маркетинг од Shazam, Rolls Royce Motor Cars, Visit Britain, Coca-Cola, SAP и VISA како и Патрик Џефсон, генералниот секретар на принцезата Дијана и Мери Џо Џејкоби, единствената деловна личност во светот што работела за два претседатели на САД, за Кралицата на Велика Британија и за Премиерот на Велика Британија, како и личноста што управуваше со кризата на British Petroleum America, за време на пролевањето нафта во Мексиканскиот Залив, назначена од Обама лично.
Покрај спонзорството, Витаминка беше дел од настанот и со присуство на свој тим вработени во секторите за Домашен пазар, Извоз, Набавка и Маркетинг.

## Витаминка во пансионот Преспав




Витеа чај наместо ракија за Миле, Атлантис чоколадна бонбона за вишиот инспектор, чаша со Цевитана за освежување во ресторанот на хотелот, ова се сцени од новата македонска ситком серија „Преспав“. Витаминка го помогна создавањето на оваа серија.
Присуството на нашите производи во серијата и поддршката што ја дадовме за нејзиното создавање се должи на фактот дека потреба и обврска на сите стопански субјекти е да дадат свој придонес и да го помогнат развојот на современата македонска ТВ продукција. Дополнително, Витаминка со своите производи е дел од македонското секојдневие веќе шест децении и со тоа сосема природно влегуваме во една ваква екранизација на македонскиот живот.
Серијата ја прикажува семејната приказна на браќата Бузалевски, кои отвораат пансион благодарение на средствата добиени од ЕУ фондовите. Влегувањето во Преспав е влегување во една метафорична приказна, лоцирана на брегот на Преспанското Езеро, каде се прекршуваат балканскиот менталитет и желбата да се следат и да се воспостават европските стандарди. Животите на јунаците на оваа серија, генерациските судири меѓу браќата, разликите во менталитетот на вработените се проследени и испреплетени со голем број производи на Витаминка.

## Каде има песна таму е Витаминка

Златно славејче е можеби омилената детска манифестација. Три дена салата беше преполна со деца, се пееше и се играше, а Витаминка беше таму. Се испееја 15 нови песни за многу детски преокупации, за првата љубов, за екологијата, за приказните, детелината, медот, пролетниот рокенрол...
Оваа година околу 20.000 деца беа присутни на големата, тридневна забава посветената на детската песна. Музичките таленти од цела Македонија ги покажаа своите вокални можности, придружени од хорот Славејчиња.
Фестивалот Златно славејче се одржува од 1970 година и е детски музички фестивал со најдолга традиција. Ова е причина повеќе и задоволство да се поддржи фестивалот и да се биде дел од овој празник на детската песна.








Од знаењето на Витаминка

## Нашите логистички активности пример за проучување за студентите



Група студенти од трета година од Економскиот факултет во Прилеп ја посети Витаминка. Предводени од предметниот наставник по Бизнис логистика, Марика Башеска Ѓорѓиеска, тие се запознаа со логистичките активности на Витаминка, со начинот на прием, складирање и подготвување на готови производи со сите дополнителни логистички податоци за следливост и контрола на процесот.
Студентите беа пречекани од одговорниот за маркетинг Душица Неделкоска, која накратко ги запозна со почетоците и растот на овој прехранбен гигант во Македонија и регионот, со промотивните активности и новите производи кои излегоа на пазарот последните неколку месеци, со структурата на вработените во компанијата, како и организациската поставеност.
Љупчо Велески, директор на сектор Извоз, се осврна на логистичкиот пат на сите влезни и излезни инпути во Витаминка, на разликите во логистичката поддршка во Македонија и во соседните земји, на постојаната контрола на суровините, полупроизводите и производите во Витаминка од аспект на логистичка поставеност, управувањето со синџирот на снабдување, како и интерните комуникации. Тој ги запозна студентите и со начинот на договарање и испорака на приватни марки.
Васко Наумоски, проект менаџер во ИТ одделот, говореше пред студентите за алатките за следливост и контрола на процесот на прием и движење на инпутите во фабриката, ги запозна со нашиот ЕРП систем, начинот на обележување на логистичките податоци и во магацините и на палетите. Говореше и за ЕДИ системот за електронска размена на информации кој е се поактуелен во периодов и за начинот на анализа на извештаи за горе споменатите процеси преку софтвер за извештаи.
Студентите посетија и еден од магацините во Витаминка и со шефот на магацинот Билјана Маркоска практично видоа дел од овие процеси.

Набљудување, учење, дегустација

## Идните фармацевти учат од Витаминка

Како компанија што има воспоставено многу современи производни и технолошки стандарди, една од нашите мисии е да го пренесеме нашето знаење, експертиза и со тоа да придонесеме младите да вложат во своето образование. Токму затоа им овозможуваме преку посета и запознавање со нашите капацитети, како и разговор со наши вработени, раководители на одредени сектори да се запознаат со производните стандарди и на тој начин да им помогнеме во подобро совладување на образовните предизвици.
Како составен дел од својата наставната програма, триесетина ученици од трета година од профилот Фармацевтско лаборантски техничар од СОУ Ѓорче Петров од Прилеп, беа во посета на Хемиската лабораторија во Витаминка. Директорот на Контролно-развојната лабораторија, Натали Петреска ги запозна учениците со видовите контрола на квалитет кои постојат во Витаминка, а шефот на Хемиската лабораторија Олга Ристеска, пак, со работата на лабораторијата и мерните инструменти што се користат при разни анализи.
Ана Кироваков, технолог истражувач ги запозна учениците со процесот на развој на нови производи. Учениците имаа можност да видат дел од испитувањата што се прават во лабораторијата. Исто така, учениците можеа да слушнат на кој начин се врши дегустација на производи, при што и самите имаа можност да дегустираат некои од производите на Витаминка и да се уверат во нивниот врвен квалитет.







Настани

# Учениците од основните училишта сè почесто наши гости





Кај најмладите секогаш е присутна желбата за откривање, истражување и задоволување на нивната бескрајна љубопитност. Друга голема желба е желбата за слатки и благи задоволства. Од тие две причини, се почесто нѐ посетуваат ученици не само од локалните и околни училишта, туку и од другите градови.
Последните две такви посети беа од учениците од основното училиште во Кривогаштани, „Манчу Матак" и ученици од основното училиште ,,Вера Циривири – Трена" од Скопје.





Тие прво ја посетија Работната единица Кекси на Витаминка, организирани во неколку групи, дисциплинирано и крајно љубопитно разгледуваа и се запознаваа со нашите вработени. Посебно беа запознаени со постапките од процесот на производство на Фрути кекситe, а со оглед на тоа што Фрути им се едни од омилените кекси, радоста и возбудата беше голема. Имаа и безброј прашања, за кексите, за производните процеси, за чоколадата, за флипсот, но повеќето прашања што ги имаа овие мали посетители беа насочени кон актуелната наградна игра на Витаминка наречена ,,Стобиранка". Меѓутоа имаше и такви кои прашуваа за практичната примена на дел од методските единици по одредени предмети што ги изучуваат.
На крај, се заблагодарија за гостопримството, ветувајќи дека повторно ќе нѐ посетат. Среќни и задоволни ја напуштија фабриката со мали, вкусни подароци од Витаминка.
Витамика секогаш ги отвора вратите за оние што сакаат и имаат желба да научат, за малите истражувачи и оние кои ги сакаат нашите производи.

# Бонитас пелети со повеќе вкусови




Азбучникот на производите на Витаминка го започнавме со Атлантис, омилените чоколадни школки, за сега да го продолжиме со разновидните Бонитас пелети.
Првпат произведени во 2012 година, Бонитас пелетите се солени производи во 3Д форма и токму затоа се една возбудлива и многу атрактивна понуда на пазарот. Крцкави, вкусни и неодоливи, Бонитас за кратко време станаа посакувана закуска. На почетокот, беа достапни во три различни вкусови, ѕвездено небо со вкус на пилешко, фишек пелети со вкус на пиперка и пелети во форма на ребраст чипс со солен вкус. Подоцна, линијата беше збогатена со два нови вкусови: Бонитас со вкус на кулен и Бонитас чили хот тако.
Без конзерванси и вештачки бои, со намалена концентрација на масти и произведени со сончогледово масло, Бонитас пелетите продолжуваат да ги освојуваат срцата на љубителите на вкусниот чипс кои сакаат да уживаат грицкаќи во секоја пригода, дали станува збор за прошетка, забава со пријателите или, пак, едноставно, самостојно уживање.
Бонитас пелетите можат да се најдат во малопродажба во пакување од 30 грама и во пакување од 60 грама.



*Рецепти од потрошувачи*

# Мафини со Чоко Стоби флипс



## Потребни состојки

- 3 јајца
- 3 филџани шеќер
- 1 кесичка ванилин шеќер од Витаминка
- 1/2 филџан масло
- 2 филџани млеко
- 3 филџани брашно
- 1/2 прашок за пециво од Витаминка
- 1 лажичка какао од Витаминка
- Синтагма какао крем за торти
- Чоко Стоби флипс
- Витаминка Шлаг пена или шлаг крем

## Начин на подготовка

1. Јајцата и шеќерите се матат пенесто додека да се растопи шеќерот.
2. Се додава маслото, млекото, а потоа постепено се става брашното (просеано) во кое е измешано и печивото. Се мати се додека не се изедначи смесата.
3. Во калапот за мафини се ставаат хартиените корпи и со мала лажица се полнат со смесата до 2/3. Во секој мафин во средината се става Чоко Стоби флипс и се става во загреана рерна на 200 степени.
4. Дел од смесата се вади во друг сад, се става Синтагма какао крем за торти и се изедначува да се добие кафеава смеса.
5. После 7-8 минути печење, внимателно се вади калапот од рерна, мафините се веќе малку збувнати и со лажица со кафеавата смеса се шара секој мафин. Се пече уште 10-тина минути, а по потреба се пече уште некоја минута на 170 степени.

Забелешка:
Количината на Чоко Стоби флипсот може да биде поголема и произволна. На крајот, испечените мафини може да се декорираат со Витаминка шлаг крем или пена и изрендано чоколадо од Витаминка.

| ВИТА-МИН-КА | ДВОЦИФРЕН БРОЈ | ФРАНЦУСКИ КОМПОЗИТОР, ЕДУАР | СЕЛО КАЈ КРИВА ПАЛАНКА | МЕРИ АСТОР | АРГЕНТИНСКИ ФУДБАЛЕР РУБЕНС | НОРВЕШКА |  | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ХОЛИВУДСКИ АКТЕР, ГЕРИ | | | | | | | | | | | | | | |
| СЕЛО ВО СКОПСКО | | | | | | ШПАНСКИ ОПЕРСКИ ПЕЈАЧ | | | | | | | | |
| ПРЕФИКС ЛУЗНА, (ГРЧКИ) | | | | АЛАН ХЈУСТОН / ПОКАЗНА ЗАМЕНКА | | | ЗНАК ЗА ГАУС | ВИТА-МИН-КА | ПАРЧЕ | ВИТА-МИН-КА | НАРОДНО МАШКО ИМЕ | ХОЛИВУДСКИ АКТЕР, ПАЧИНО | ОТПОРНОСТ НА ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ | ПОЗНАТА СВЕТСКА ПЕЈАЧКА (КЕРКА НА НЕТ КИНГ) |
| ГОВОР НА ЕДНА ЛИЧНОСТ | | | | | | | | ГЕРМАНИЈА / ШЕЌЕРНА БОЛЕСТ | | ВОЈНИЧКИ ЛЕБ / НАША ФОЛК ПЕЈАЧКА | | | | |
| НЕУТРОН | | НОВОСТ (ТУР.) / ЦЕЛОСНО, КОМПЛЕТНО (РАЗГ.) | | | | | ХОЛИВУД. РЕЖИСЕР, БРАЈАН / ТОНА | | | | | | | |
| НАРОДНО ЖЕНСКО ИМЕ (НАГ.) | | | | | ВИД ГАС / ПРОРОШТВО СО ПОМОШ НА МАГИИ | | | | | | | НОЌНА ПТИЦА / СЕЛО КАЈ КРИВА ПАЛАНКА | | |
| ЕВА АУЛИН | | | АКАДЕМ. КОШАРКАРСКИ КЛУБ / РОМАНИЈА | | | | ЗНАК ЗА ЈОД / ПРОДУКТ НА ВИТАМИНКА | | МЕЛОДИЈА / АРГЕНТИН. МАНЕКЕНКА, МАЦА | | | | | |
| СКРАТЕНО | | | | ОЛАБАВЕНИ / ПРВАТА БУКВА | | | | | | | ЗАДЕН ДЕЛ ОД ГЛАВАТА | | | |
| ЗНАК ЗА ЕВРОПИУМ | | | АКРОБАТ НА ЈАЖЕ / ГОЛМАН НА ВАРДАР, ШТЕРБИК | | | | | | | | КОЊИ / ЕЛЕКТРОН | | | |
| МРАК (ПОЕТ.) | | | | ПРОНАОЃАЧ НА СТЕТОСКОПОТ / ИТАЛИЈА | | | | | | | | | | |
| ПРЕДИМСТВО, ПРЕДНОСТ / ГЛАВЕН ГРАД НА ПОРТУГАЛИЈА | | | | | | | | | | | КОНТО / ЈАГЛЕРОД | | | |
| ЛАПОНЕЦ | | | | ИТАЛИЈАНСКИ ФУДБАЛЕР, МАРКО | | | | | | | | | ЛУКСЕМБУРГ | |
| ЛЕТУВАЛИШТЕ ВО ОПАТИЈА | | | | УБИЕЦ ОД ЗАСЕДА / ФУДБАЛСКИ КЛУБ ОД КИПАР | | | | | | |  | | | |
| ДРЖАВА ВО АФРИКА | | | | | | СИМЕНС / ЕЛИПСА | | ЈОХАНЕС ЕВАЛД / НБА КОШАРКАР, МИЛЕР | | | | | | |
| АЛБЕРТО МОРАВИЈА | | | ФУДБАЛ. НА КАМЕРУН, САМУЕЛ / АНГ. АВАНТУРИСТ, ТАЈТЕС | | | | МОДЕЛ НА ТОЈОТА / ИНЖЕНЕР | | | | | | | |
| БЕЛГИЈА | | ХОЛИВУДСКИ АКТЕР, ЛОРЕНС / ЗЛАТКО ОРИГАНСКИ | | | | | | | ШВЕДСКА / СОСЕДНИ БУКВИ | | | | | |
| ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЗДРУЖЕН ТРУД | | | | КОЖЕНА ТОРБА / ТОНА | | | | | | | | | | |
| КОПНЕЖ ПО РОДНИОТ КРАЈ | | | | | | | | | | | | | | |



ОЛДМАН, САРАЈ, УЛЕ, АХ, МОНОЛОГ, Д, ТАИН, Н, АВАЗ, ДЕПАЛМА, АЦКА, ЕТИЛЕН, УТ, ЕА, АКК, Ј, ПЕСНА, СКР, ЛАБАВИ, ТИЛ, ЕУ, АЕРОБАТ, АТИ, ТМА, РЕНЕ ЛАЕНЕК, ПРИОРИТЕТ, ЦТО, ЛАП, МАТЕРАЦИ, Л, ИКА, АСАСИН, СУДАН, С, ЈЕ, АМ, ЕТО, РАВ, Б, ОЛИВИЕ, С, ОЗТ, ЈАНЏИК, НОСТАЛГИЈА.


vitaminka
ATLANTIS
Chocolate sea shells
vitaminka
ATLANTIS
Chocolate sea shells
vitaminka
ATLANTIS
Chocolate sea shells
200g